**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ИПАРД АГЕНЦИЈА**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ЈАВНИТЕ ПОВИЦИ 01/2023, 01/2024, 02/2024 И 01/2025 ОД ИПАРД ПРОГРАМАТА 2021-2027

# ПРОГНОЗА НА АКТИВНОСТИ И ПОВИЦИ ВО 2026 (ВКЛУЧИТЕЛНО И АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕТО)

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБАТА СО АКРЕДИТАЦИЈА НА МЕРКИТЕ ОД ИПАРД III ПРОГРАМАТА

**(за периодот до декември 2025)**

**декември 2025**

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

## Човечки ресурси – извештај

Состојба во АФПЗРР

- 285 систематизирани работни места
- 235 вработени + директор и заменик-директор
  - 209 вработени на неопределено време (од кои 144 лица работат на ИПАРД), во моментот работниот однос на 3 лица од ИПАРД структурата е во мирување, дополнително има зајакнување на административните капацитети од 10 вработени во сектор за контрола на терен, 4 вработени во сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот и 1 вработен во одделение за управување со човечки ресурси и со тоа вкупниот број изнесува 163 лица.
  - 27 вработени на определено време (19 лица во ИПАРД, 5 лица во сектор за општи и правни работи, 1 лице во сектор за регистри 3 лица во сектор за одобрување на проекти и 10 лица во сектор за контрола на терен и 8 лица кои работат на националните програми).
  - 7 лица ангажирани со договор на дело (за спроведување на националните програми)
- 163 работат на ИПАРД Програмата 2021-2027
  - 144 вработени на неопределено време
  - 19 вработени на определено време

Тековни постапки за вработување

Постапка за нови вработувања /

Постапка за унапредувања /

Организациона структура (IPARD структура):

- Сектор за одобрување на проекти – 33 административни службеници,
- Сектор за одобрување на исплати – 20 административни службеници,
- Сектор за контрола на терен – 52 административни службеници,
- Сектор за финансиски прашања – 10 административни службеници,
- Сектор за внатрешна ревизија – 6 административни службеници,
- Сектор за општи и правни работи – 13 административни службеници,
- Сектор за регистри – 11 административни службеници,
- Сектор за аналитика и подршка на работата на директорот – 8 административни службеници
- Сектор за ИТ- 6 административни службеници
- Одделение за управување со човечки ресурси – 4 административни службеници

Мотивација на вработените:
Почнувајќи од Јануари, 2023 година на сите вработените кои работат во АФПЗРР им се исплаќа додаток од 15% на основната плата

## Финансиски податоци поврзани со спроведувањето на ИПАРД програмата

## Статус со акредитација на мерката рурална јавна инфраструктура

Во однос на акредитацијата на мерката рурална јавна инфраструктура договорени се следните активности со Националниот фонд и Телото за управување:

- Реализација на потребните вработувања за реализација на оваа мерка до крајот на 2025 година,
- Реализација на основни обуки за оваа мерка (ПРАГ, измами/неправилности итн.) во текот на 2025 година (во зависност од расположливи стручни лица и средства преку TAIEX инструментот), одобрена е една работилница TAIEX за имплементација на мерката рурална јавна инфраструктура.
- Во текот на 2024 година реализирани се две обуки Indroductory training on PRAG contact procedures и Advanced trainig in PRAG service contracts каде што на двете обуку присуствуваа вкупно 16 административни државни службеници.
- На 01.04.2025 година со допис бр. 02-1003/2 од страна на Агенцијата доставен е акредитацискиот пакет за мерката Инвестиции во јавна рурална инфраструктура но Националниот кординатор за авторизација и истиот е усогласен согласно нацрт ревизорското мислење за проценка на усогласеноста на системот за индиректно управување со мерката Инвестиции во рурална јавна инфраструктура од ИПАРД 2021-2027.

## Статус во однос на имплементацијата на акредитираните мерки 1, 3 и 7

АФПЗРР го објави првиот јавен повик од ИПАРД 2021-2027 програмскиот период за мерките 1 и 7 на 01.09.2023 и беше отворен до 30.10.2023.

Вкупниот буџет од овој јавен повик за мерката 1 изнесува 18.893.333,33 евра додека за мерката 7 изнесува 11.400.000 евра. Во калкулацијата на буџетот беа земени и буџетите на финансиските години 2021, 2022, 2023 и 2024.

Агенцијата започна со обработка на барањата веднаш со нивното пристигнување во Агенцијата. Главна причина за одбивање на барањата е некомплетност и/или неодветност на барањата. Поконкретно во овој повик при проверка на комплетноста на самите барања беше забележано дека голем број на барања беа одбиени бидејќи не беше доставен „Доказ дека против корисникот не е покрената кривична постапка (Регистар за кривична евиденција Основен кривичен суд“. Во однос на соодветноста голем број од барањата беа одбиени поради немање на доволно средства Големиот број на пристигнати апликации и

недоволниот број на вработени, сеуште претставува основна пречка во процесот на навремена обработка на апликациите.

Агенцијата веднаш простапи кон административната обработка на апликациите како што беа примени.

Заради големиот број на апликации и повисоката побарана сума за финансиска поддршка од буџетот од јавниот повик, рангирање на апликациите беше применето согласно критериумите за селекција од ИПАРД 3 програмата. За мерка 7 оглас 01/2023, одбиени беа 75 барања кои не беа во рангот на расположливиот буџет, со вкупен износ од 23.272.688,55 евра, односно 13.981.714,24 евра финансиска поддршка, во однос на мерка 1 за јавниот повик 01/2023, одбиени беа 126 барања кои не беа во рангот на расположливиот буџет, со вкупен износ од 11.262.459,99 евра, односно 7.027.534,26 евра финансиска поддршка.

Вкупниот број на пристигнати апликации, како и пресек на вкупната побарана сума за финансиска поддршка,број на одбиени, откажани и апликации со Договор се претставени во табелите подолу.

Јавен повик 01/2023 (Евра)

| Мерка | Сектор | Вкупен број на примени барања | Вкупно побарана сума (ЕУ+НКФ) | Број на одбиени барања | Број на откажани барања | Вкупна сума на откажани барања | Број на Договори | Вкупно прифатлива сума од Договор (ЕУ+НКФ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М1 | 01 | 831 | 39.624.656 | 464 | 33 | 1.425.518 | 334 | 12.061.741 |
| М1 | 02 | 50 | 8.880.090 | 27 | 6 | 2.076.782 | 17 | 3.802.353 |
| М1 | 03 | 3 | 62.741 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| М1 | 04 | 17 | 3.109.014 | 11 | 0 | 0 | 6 | 1.032.808 |
| М1 | 05 | 1 | 46.741 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 20.11.2025 | 902 | 51.723.242 | 506 | 39 | 3.502.300 | 357 | 16.896.902 |

Јавен повик 01/2023 (Евра)

| Мерка | Сектор | Вкупен број на примени барања | Вкупно побарана сума (ЕУ+НКФ) | Број на одбиени барања | Број на откажани барања | Вкупна сума на откажани барања | Број на Договори | Вкупно прифатлива сума од Договор (ЕУ+НКФ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М7 | 01 | 37 | 2.445.215 | 34 | 0 | 0 | 3 | 532.926 |
| М7 | 02 | 4 | 951.314 | 3 | 0 | 0 | 1 | 279.641 |
| М7 | 03 | 11 | 1.415.910 | 10 | 1 | 536.816 | 0 | 0 |
| М7 | 04 | 94 | 20.881.659 | 74 | 0 | 0 | 20 | 3.893.079 |
| М7 | 05 | 3 | 247.009 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| М7 | 06 | 23 | 2.792.191 | 18 | 0 | 0 | 5 | 1.639.756 |
| М7 | 07 | 26 | 3.633.400 | 21 | 0 | 0 | 5 | 646.981 |
| М7 | 08 | 57 | 13.743.406 | 39 | 4 | 864.364 | 14 | 3.488.564 |
| М7 | 09 | 2 | 169.590 | 2 | 0 | 0,00 | 0 | 0 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 20.11.2025 | 257 | 46.279.697 | 204 | 5 | 1.401.180 | 48 | 10.480.948 |

**АФПЗРР објави втор јавен повик од ИПАРД 2021-2027** програмскиот период за мерка 3 на 13.04.2024 и беше отворен до 12.06.2024. Вкупниот буџет од овој јавен повик за мерката 3 изнесува 14.013.333 евра.

Бројот на доставени барања кои се наоѓаат ,,под црта" изнесува 22 барања со вкупна финансиска поддршка од 8.466.335,74 Евра.

Агенцијата започна со обработка на барањата веднаш со нивното пристигнување во Агенцијата. Во однос на процесот на одобрување на барањата од ЈП 01/2024, дел од истите се фазата на соодветност и нивното завршување зависи од податоци кои се добиваат од релевантни Сектори во Агенцијата.

Главна причина за одбивање на барањата е некомплетност и/или неоодветност на барањата. Како најчеста причина за одбивање на некомплетните барања е недоставување на соодветен документ за исполнување на стандардите за животна средина. Овој недостаток (проблем) не може да се лоцира кај одредена општина. Во однос на несоодветноста на корисниците не може да се дефинира најчест критериум за одбивање.

Во однос на извршените контроли на терен пред одобрување кај две апликации констатирана е започната инвестиција пред потпишување на Договор за финансиска поддршка и истите се одбиени.

Големиот број на пристигнати апликации и недоволниот број на вработени, сеуште претставува основна пречка во процесот на навремена обработка на апликациите.

Агенцијата веднаш простапи кон административната обработка на апликациите како што беа примени. административната обработка на сите апликации е завршена, проверка на комплетност и на дел од нив е завршен процесот на соодветност, и извршена е проверка на контрола на терен пред одобрување на проектите. До сега, проверка на референти цени од страна на одделението за водење на база референтни цени е завршено на 40 апликации и истите се доставени до Секторот за одобрување на проекти преку интерниот електронски систем.

Заради големиот број на апликации и повисоката побарана сума за финансиска поддршка од буџетот од јавниот повик, рангирање на апликациите беше применето согласно критериумите за селекција од ИПАРД 3 Програмата.

Вкупниот број на пристигнати апликации, како и пресек на вкупната побарана сума за финансиска поддршка,број на одбиени, откажани и апликации со Договор се претставени во табелата подолу.

Јавен повик 01/2024 (Евра)

| Мерка | Сектор | Вкупен број на примени барања | Вкупно побарана сума (ЕУ+НКФ) | Број на одбиени барања | Број на откажани барања | Вкупна сума на откажани барања | Број на Договори | Вкупно прифатлива сума од Договор (ЕУ+НКФ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| M3 | 01 | 4 | 299.368 | 1 | 0 | 0 | 2 | 111.665 |
| M3 | 02 | 11 | 1.931.375 | 5 | 0 | 0 | 4 | 254.046 |
| M3 | 03 | 31 | 17.429.843 | 7 | 0 | 0 | 9 | 3.909.754 |
| M3 | 04 | 14 | 2.534.645 | 4 | 0 | 0 | 4 | 1.535.630 |
| M3 | 05 | 2 | 872.082 | 0 | 0 | 0 | 1 | 45.246 |
| M3 | 06 | 15 | 4.597.913 | 2 | 1 | 1.698.629 | 7 | 830.962 |
| M3 | 07 | 2 | 145.249 | 1 | 0 | 0 | 1 | 78.999 |
| M3 | 08 | 2 | 343.502 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| M3 | 09 | 35 | 4.176.478 | 13 | 0 | 0 | 8 | 620.579 |
| Total | 20.11.2025 | 116 | 32.330.455 | 33 | 1 | 1.698.629 | 36 | 7.386.881 |

АФПЗРР објави трет јавен повик од ИПАРД 2021-2027 програмскиот период за мерка 7 на 05.11.2024 и беше отворен до 20.12.2024. Вкупниот буџет од овој јавен повик за мерката 7 изнесува 14.000.000 евра.

Агенцијата започна со обработка на барањата веднаш со нивното пристигнување во Агенцијата. Главна причина за одбивање на барањата е некомплетност и/или неодветност на барањата. Големиот број на пристигнати апликации и недоволниот број на вработени, сеуште претставува основна пречка во процесот на навремена обработка на апликациите.

Агенцијата веднаш простапи кон административната обработка на апликациите како што беа примени.

Административната обработка, проверка на комплетност на сите апликации е завршена. За сите комплетни и соодветни апликации се испратени барања за проверка на референти цени преку интерниот електронски систем до одделението за водење на база референтни цени, и за истите е извршена контрола на терен.

Вкупниот број на пристигнати апликации, како и пресек на вкупната побарана сума за финансиска поддршка и број на одбиени апликации се претставени во табелата подолу.

Јавен повик 02/2024 (Евра)

| Мерка | Сектор | Вкупен број на примени барања | Вкупно побарана сума (ЕУ+НКФ) | Број на одбиени барања | Број на откажани барања | Вкупна сума на откажани барања | Број на Договори | Вкупно прифатлива сума од Договор (ЕУ+НКФ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| M7 | 01 | 29 | 640.306 | 21 | 0 | 0 | 2 | 18.313 |
| M7 | 02 | 2 | 766.074 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| M7 | 03 | 1 | 722.085 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| M7 | 05 | 20 | 2.583.949 | 18 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| M7 | 06 | 1 | 268.808 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| M7 | 07 | 5 | 86.713 | 3 | 0 | 0 | 2 | 52.369 |
| M7 | 08 | 70 | 19.052.228 | 46 | 1 | 525.343 | 8 | 1.644.243 |
| Total | 20.11.2025 | 128 | 24.120.163 | 92 | 1 | 525.343 | 12 | 1.714.925 |

АФПЗРР објави четврт јавен повик од ИПАРД 2021-2027 програмскиот период за мерка 1 на 12.02.2025 и беше отворен до 29.03.2025. Вкупниот буџет од овој јавен повик за мерката 1 изнесува 7.415.335 евра.

Агенцијата започна со обработка на барањата веднаш со нивното пристигнување во Агенцијата. Главна причина за одбивање на барањата е некомплетност и/или неодветност на барањата. Големиот број на пристигнати апликации и недоволниот број на вработени, сеуште претставува основна пречка во процесот на навремена обработка на апликациите.

Агенцијата веднаш простапи кон административната обработка на апликациите како што беа примени.

Вкупниот број на пристигнати апликации, како и пресек на вкупната побарана сума за финансиска поддршка и број на одбиени апликации се претставени во табелата подолу.

Јавен повик 01/2025 (Евра)

| Мерка | Сектор | Вкупен број на примени барања | Вкупно побарана сума (ЕУ+НКФ) | Број на одбиени барања |
|---|---|---|---|---|
| M1 | 01 | 674 | 29.471.316 | 95 |
| M1 | 02 | 29 | 7.071.502 | 9 |
| M1 | 03 | 3 | 332.185 | 2 |
| M1 | 04 | 8 | 1.150.277 | 2 |
| Вкупно | 20.11.2025 | 714 | 38.025.280 | 108 |

## Авторизација

Во периодот Мај 2025 -Ноември 2025 од **ИПАРД III програмата** пристигнати се 114 барања за исплата за мерка 1 (Инвестиции во основни средства на земјоделските стопанства) со вкупно барана сума од 321.447.951,00 денари (5.226.795,95 €)

Пристигнати се 3 барања за исплата за мерка 3 (Инвестиции во физички средства за преработка на земјоделски и рибни производи) со вкупно барана сума од 14.073.774,00 денари (228.841,85 €).

Пристигнати се 9 барања за исплата за мерка 7 (Диверзификација на фарми и развој на бизниси) со вкупно барана сума од 96.300.974,00 денари . денари (1.565.869,50€).

АФПЗРР

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

Пристигнати се 12 Барања за аванс со вкупна барана сума од 101.904.767,00денари (1.429.103,00€). Во наведениот период исплатени се вкупно 9 барања за аванс во износ од 69.675.428,00 денари (1.132.934,00 €).

Пристигнати се 4 барања за исплата за мерка 9 (Техничка помош) со вкупна барана сума од 531.051,00 денари (8.635,00 €).

| Мерки | Број на аванси | Барана сума за авансна исплата ЕУ дел | Број на барања за исплата | Барана сума за исплата вкупно | Барана сума за исплата ЕУ дел | Број на одобрени барања за исплата | Одобрена сума за исплата ЕУ дел | Исплатена сума ЕУ дел |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М1 | 4 | 1.424.124 | 314 | 10.878.806 | 8.159.105 | 251 | 6.107.054 | 5.685.323 |
| М3 | 9 | 778.184 | 3 | 226.996 | 170.247 | 8 | 750.259 | 750.311 |
| М7 | 8 | 1.260.895 | 17 | 2.909.174 | 2.181.880 | 24 | 1.828.018 | 1.824.583 |
| М9 | 0 | 0 | 10 | 21.009 | 15.757 | 6 | 9.723 | 6.194 |
| Вкупно | 21 | 3.463.203 | 344 | 14.035.985 | 10.526.989 | 289 | 8.695.055 | 8.266.411 |

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

## ***Контроли на самото место (од Јуни 2025 - тековно)***

### ***Контроли на терен – пред одобрување***

*Секторот за контрола на терен при АФПЗРР во периодот од Јуни 2025 година изврши вкупно 82 контроли на терен пред одобрување на проекти, кај инвестиции од јавен повик 25/01 од ИПАРД Програмата 2021-2027 година (Мерка 1) јавен повик 24/01 од ИПАРД Програмата 2021-2027 година (Мерка 3) и јавен повик 24/02 од ИПАРД Програмата 2021-2027 година (Мерка 7). Во табелата се наведени извршените контроли на терен поделени по јавните повици.*

| | |
|---|---|
| **Јавен повик 01/2025 (ИПАРД 3) (Мерка 1)** | |
| **29 КСМ** | |
| **Јавен повик 01/2024 (ИПАРД 3) (Мерка 3)** | |
| **21 КСМ** | |
| **Јавен повик 02/2024 (ИПАРД 3) (Мерка 7)** | |
| **32 КСМ** | |
| **Вкупен број на контроли** | **82 КСМ** |

### ***Контроли на терен – пред исплата***

*Секторот за контрола на терен при АФПЗРР во периодот од Јуни 2025 година изврши вкупно 151 контроли на терен пред исплата, кај инвестиции од јавен повик 23/01 од ИПАРД Програмата 2021-2027 година (Мерка 1 и Мерка 7), јавен повик 19/02 од ИПАРД Програмата 2014-2020 и јавен повик 17/01 од ИПАРД Програмата 2014-2020. Во табелата се наведени извршените контроли на терен поделени по јавните повици.*

| | |
|---|---|
| **Јавен повик 01/2023 (ИПАРД 3) (Мерка 1)** | |
| **139 КСМ** | |
| **Јавен повик 01/2023 (ИПАРД 3) (Мерка 7)** | |
| **10 КСМ** | |
| **Јавен повик 02/2019 (ИПАРД 2 (Мерка 3)** | |
| **1 КСМ** | |
| **Јавен повик 01/2017 (ИПАРД 2) (Мерка 7)** | |
| **1 КСМ** | |
| **Вкупен број на контроли** | **151 КСМ** |

### ***Контроли на терен – после исплата***

*Секторот за контрола на терен при АФПЗРР во периодот од Јуни 2025 изврши вкупно 95 контроли на терен после исплата кај инвестиции од ИПАРД програмата 2014-2020.*

АФПЗРР

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

*Секторот за контрола на терен при АФПЗРР спроведе и дополнителни контроли за следење на препораки од ревизии*

*Во табелата се наведени извршените контроли на терен поделени по мерки*

| Контроли после исплата (ИПАРД 2014-2020) | |
|---|---|
| **Мерка** | **Број на контроли по мерка** |
| 1 | 85 КСМ редовни контроли<br>85 контроли од јавен повик 18/02 ИПАРД 2 2014-2020 |
| 3 | 8 КСМ редовни контроли<br>3 контроли од јавен повик 18/01 ИПАРД 2 2014-2020<br>1 контрола од јавен повик 19/02 ИПАРД 2 2014-2020<br>1 контроли од јавен повик 22/01 ИПАРД 2 2014-2020<br>3 контроли од јавен повик 23/01 ИПАРД 2 2014-2020 |
| 7 | 2 КСМ редовни контроли<br>2 контроли од јавен повик 21/01 ИПАРД 2 2014-2020 |
| Вкупен број на контроли | 95 КСМ |

## ***Контрола на терен – за скриени работи***

*Секторот за контрола на терен при АФПЗРР во периодот од Јуни 2025 година изврши вкупно 9 контроли на самото место за скриени работи кај инвестиции од јавен повик 23/01 ИПАРД програма 2021-2027 (Мерка 1 и Мерка 7)*

| Јавен повик 01/2023 (ИПАРД 2) (Мерка 1 и 7) | |
|---|---|
| 8 контроли за скриени работи<br>1 контрола за Мерка 1<br>8 контроли за Мерка 7 | |
| Вкупен број на контроли | 9 КСМ |

Најчести неусогласености утврдени при извршување контроли на самото место
Како најчести неусогласености, односно разлики или наоди утврдени при контролите на самото место во периодот од Јуни 2025 до сега се следниве:

Пред одобрување:

- Кај една инвестиција од Мерка 7 јавен повик 24/02 констатирана е започната инвестиција пред да биде потпишан договор со АФПЗРР.

Пред исплата:

Општи забелешки:

Co-funded by the European Union

IPARD
ИПАРД Програма 2021-2027
IPARD Programme 2021-2027

Ко-финансирано од Северна Македонија

- разлики во технички карактеристики на набавената опрема помеѓу договор, фактура и контрола на лице место и најчеста причина за овие разлики се од технички причини односно грешки направени при издавање на потребна документација за опремата од страна на добавувачот/производителот;
- отсуство на одредени податоци да бидат видно означени на самата опрема (година на производство, земја на потекло, сериски број, модел). Податоците се потврдуваат преку документација приложена во барањето за исплата (гаранција, фактура/испратница, царинска декларација и сл.)

## Контрола после исплата:

- При извршување на овие контроли не се утврдени отстапувања. Сите корисници ја чуваат опремата/механизацијата, истата се користи согласно предвидената намена и истата е означена согласно договорот.

- По наоди од ревизија од страна на Ревизорско Тело, извршена е контрола после исплата кај инвестиција од Мерка 3 со цел да се утврди функционалност на инвестицијата или на дел од инвестицијата кој што при ревизијата не бил во употреба. Вообичаено во вакви ситуации се контактираат корисниците се дава одреден период да се стави во функција инвестицијата и се излегува на лице место. Покрај утврдување на функционалноста на инвестицијата се врши регуларна контрола после исплата на целата инвестиција.